# Сè што опива е забрането (харам).

Ебу Бурда пренесува од неговиот татко, Ебу Муса ел-Ешари, Аллах нека е задоволен со обајцата, дека: Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го испратил во Јемен, па го прашал за пијалаците што таму се правеле. Тој рече: „Кои се тие?“ Тој одговорил: „Бит' и мизр.“ Му било речено на Ебу Бурда: „Што е бит'?“ Тој рекол: „Ферментирана напивка од мед.“ А мизр е: „Ферментирана напивка од јачмен.“ Тој рече: „Сè што опива е харам.“ – го бележи Бухари. Муслим, овој хадис, го бележи со следниот текст: „Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ме испрати мене и Муаз во Јемен. Па реков: ‚О, Божји пратенику, во нашата земја има пијалак што се прави од јачмен и се вика мизр, и пијалок што се вика бит‘ од мед.‘ Тој рече: ‚Сè што опива е харам.‘“ Во друга верзија кај Муслим стои: „Тој рече: Сè што опива и одвраќа од намазот е харам.“ Во една негова верзија стои: „Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, беше даруван со концизни, но сеопфатни зборови, па рече: Забранувам сè што опива и одвраќа од намазот.“

[صحيح] [رواه البخاري ومسلم]

Ебу Муса ел-Ешари, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го испратил во Јемен. Потоа го прашал за некои пијалаци што таму се произведувале – дали се харам. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, побарал да му појасни за какви пијалаци станува збор. Ебу Муса рекол: „Тоа се бит' – ферментирана напивка од мед, и мизр – ферментирана напивка од јачмен.“ Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, кој беше одликуван со концизен и сеопфатен говор, рече: „Сè што опива е харам.“